**Известување за концентрација со која ОРВАС друштво со ограничена одговорност за трговија Хрватска ќе стекнат контрола над ТУРЕ друштво за угостителство, туризам, градежништво и трговија д.о.о Хрватска (предмет бр. 08-98/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 09.06.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнување на контрола од страна на ОРВАС друштво со ограничена одговорност за трговија, со седиште на ул. Св. Леополд Мандиќ 10, Дугопоље, Република Хрватска, над ТУРЕ друштво за угостителство, туризам, градежништво и трговија д.о.о., со седиште на Порат 1, Постира (Општина Постира), Република Хрватска

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

ОРВАС друштво со ограничена одговорност за трговија, е со предмет на работење (основна дејност) – дејности на патнички агенции и туроператори. ОРВАС друштво со ограничена одговорност за трговија е друштво кое особено се занимава со дејности на патнички агенции и туроператори (специјализирано за услуги на изнајмување на едрилици, моторни бродови, катамарани, како и изнајмување на туристички вили и хотелско сместување на островите Хвар и Брач во Република Хрватска), а во помал обем, како споредна дејност, со земјоделски активности (сопствени насади на винова лоза и маслинки) за производство на мали количини на вино и маслиново масло наменети за продажба во рамки на ОРБИКО Групацијата.

ОРВАС друштво со ограничена одговорност за трговија се дел од Групацијата ОРБИКО и 100% се во сопственост на ОРБИКО ДОО за трговија Загреб. ОРБИКО ДОО за трговија Загреб, со седиште на ул. Котурашка Цеста 69, Загреб, Република Хрватска е друштво кое особено се занимава со трговија на големо и истовремено истото е застапник и дистрибутер на територијата на Република Хрватска за голем број на брендови кои се движат од производи за нега и убавина, прехрамбени и непрехрамбени производи, технички и електрични апарати, лекови, играчки, текстил, цигари, моторни масла и многу други производи.

Групацијата ОРБИКО е присутна во Република Северна Македонија преку:

Друштво за трговија и услуги ОРБИКО ДОО Скопје, со седиште на ул. Борис Трајковски бр. 286, Општина Кисела Вода, 1000 Скопје, Република Северна Македонија со главен предмет на работењето неспецијализирана трговија на големо. Друштвото е застапник и дистрибутер на територијата на Република Северна Македонија за голем број на брендови на прехрамбени производи, моторни масла, батерии, парфеми, тоалетни води и дезодоранси, декоративна козметика, производи за лична хигиена, производи за нега, производи за одржување на хигиена во домаќинствата

ТУРЕ друштво за угостителство, туризам, градежништво и трговија д.о.о. е друштво кое особено се занимава со туристички дејности на територијата на Република Хрватска (го поседува Хотел ЛИПА во Постира на островот Брач, Хрватска кој е главна цел на трансакцијата) и целокупната деловна активност ја обавува исклучиво на територијата на Република Хрватска.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

11.06.2025 година
Скопје